БАС
Бизнис Академија Смилевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
бр. 0204-159/1
05.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС, а во врска со член 8 став 1, 2 и 3 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Р. Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16), в.д. генералниот менаџер на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, на ден 05.04.2018 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за определување на заменик службено лице за посредување со информации**

**Бизнис академија Смилевски - БАС**

**Член 1**

Со оваа одлука лицето Симона Наќева, се определува за заменик службено лице на лицето Наташа Коцевска, за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Бизнис Академија Смилевски – БАС, како имател на информации.

**Член 2**

Заменик службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Генералниот менаџер и Директорот на Академијата согласно листата на информации утврдена со Одлука бр. 0204-222/1 од 06.09.2017 година и им помага на барателите на информации, чување и давање на информации, согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, друг закон и актите на Академијата во отсуство или спреченост на службеното лице определнео за посредување на информации од јавен карактер.

Заменик службеното лице за посредување со информации по добивање на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Генералниот менаџер и/или Директорот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 3**

Генералниот менаџер или Директорот или по негово овластување заменик директорот соработуваат со заменик службеното лице за посредување на информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Одлуката да се објави на интернет страницата на Академијата и да се достави до Комисијата за заштита на право за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Бул.Јане Сандански бр.111/2, 1000 Скопје • тел./факс: 02/2455 754 • e-mail: bas@bas.edu.mk; www.bas.edu.mk

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**В.д. Генерален менаџер**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**